Општинското основно училиште „Свети Климент Охридски“ Бутел, Скопје согласно член 75 став 3 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/2019) и Правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација, пофалени и истакнати ученици при ООУ „Свети Климент Охридски“ Бутел, Скопје, распишува:

# к о н к у р с

### за избор на ученик - првенец на генерација во учебната 2022/23

Право на учество за првенец на генерација имаат сите ученици од IX одделение кои ги исполнуваат следните критериуми:

Кандидатот да постигнувал среден успех 5.00 на крај на наставната година од IV до IX одделение;

- Кандидатот да бил оценет со примерно поведение на крај на наставната година од IV до IX одделение;
- Да учествувал на училишни, регионални, државни, меѓународни натпревари или проекти;
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголем од 3 (за секоја учебна година одделно);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето.

Предлог (номинација) за првенец на генерација од IX одделение може да даде раководител на паралелка, предметен наставник кој изведува настава во таа паралелка, стручен соработник, директор на училиштето или ученикот сам да се кандидира.

Предложениот кандидат за првенец на генерација е должен до Комисијата за избор на првенец на генерација да достави пријава, CV – кратка биографија и соодветна документација со која ја поткрепува кандидатурата, преку архивата на училиштето најдоцна до 26.5.2023 година.

Комисијата ќе ги разгледа приложените документи и според правилникот на училиштето за бодување, ќе состави кандидатска листа за избор на ученик – првенец на генерација. Наставничкиот Совет, по разгледување на приложените факти од комисијата, на крајот од учебната година ќе го прогласи ученикот – првенец на генерацијата.

Д и р е к т о р

15.5.2023

Снежана Петреска